Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. весник на РМ” бр.5/02 и “Сл. Весник на РСМ” бр. 202/24г), а во врска со член 12 став 2 точка 3 од Законот за урбано зеленило (,,Сл.Весник на РМ,, бр,.11/18 и “Сл. Весник на РСМ” бр. 42/20, 200/20, 224/24), член 5 став 1 точка 9 од Законот за комунални дејности (,,Сл.Весник на РМ,, бр.95/12...147/15, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и “Сл. Весник на РСМ” бр. 302/20, 255/24, 03/25, 17/25), член 38 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Сл. гласник на Општина Гевгелија” бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на ден ____ 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНОТО ЗЕЛЕНИЛО ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

Општина Гевгелија има надлежност за подигање, уредување и одржување на зелените површини на подрачјето на општина Гевгелија, односно за уличното и парковско зеленило и останато зеленило под ингеренции на општината, како и викенд населбите Смрдлива Вода, Коњско и Хума.

Подигање на нови зелени површини, хортикултурно уредување и реконструкција на постоечки деградирани јавни површини, како и одржување на јавните зелени површини општина Гевгелија го извршува преку ЈПКД Комуналец(Сектор паркови и зеленило).

## 2. ПОДИГНУВАЊЕ НА НОВО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕГРАДИРАНО НЕУРЕДЕНО ЗЕЛЕНИЛО

Подигнувањето на ново урбано зеленило се врши при изградба на комуналните инфраструктурни објекти. Реконструкцијата на урбаното зеленило најчесто се врши при реконструкција и изградба на објекти од комуналната инфраструктура и на површини каде што постојното зеленило ја надминало својата физиолошка зрелост, како и облагородување на просторот на кој се настанати диви депонии, напуштени површински копови и простор кој е неискористен. Се предвидува и подигнување на кровно и вертикални градини, зелени ѕидови и заштитно зеленило како тампон зона, како и поставување на урбана опрема.

Во текот на 2026 година се предвидува подигнување на ново урбано зеленило на јавни површини и реконструкција на јавно зеленило на следните локации :

1. Одржување на новиот парк кој се наоѓа на аголот од улиците Булевар и Западен Булевар како и одржување на постоечкото зеленило.

2. Одржување на паркот Ице Бегов што се наоѓа во дворот на Пионерски дом, кој е со инклузивна содржина (косење, наводнување, кроење на грмушести расетнија и воопшто средување на просторот).

3. Одржување на паркот Топлик кое ќе биде место за одмор и релаксација. Паркот е со рекреативни патеки, зелени површини, летниковци за одмор и седење, поголема водена површина, осветлено со канделабри на соларно напојување и други содржини за релаксација на граѓаните. Предвидено е чистење од смет, косење на зелените површини, поправка на потенцијална оштетена урбана опрема и средување на просторот.

4. Косење и средување на влезот во градот Гевгелија и рекреативната патека која води кон мостот на реката Вардар со околината.

5. Чистење од трева, грмушести растенија, трска, наносен материјал и др на одводниот канал Рауљ.

6. Садење на нови дрвореди покрај одводниот канал Рауљ.

7. Хортикултурно уредување на просторот околу тениското игралиште, новата атлетска патека и повеќенаменското игралиште.

8. Косење на зелени површини, метење на пешачки патеки;. Планирано е да се изврши засадување на нови зимзелени садници.

9. Уредување на просторот-триаголникот помеѓу стариот царински терминал на Транс-балкан, железничката линија и надвозникот на влезот во градот.

10. Косење, потхранување и наводнување на зелените површини во населените места Мрзенци, Негорци, Прдејци, Смоквица, Милетково, Миравци, Давидово, Богородица, Моин и Ново Конско.

11. За време на верски празници, панаѓури и други културни манифестации ќе се врши вонредно косење, кастрење и средување на просторот. Со вакви активности ќе бидат опфатени и викенд населбите Хума, Конско и Смрдлива Вода.

12. Зелените површини околу колективните објекти за домување редовно ќе се косат и чистат од смет и друг отпаден материјал. Тоа се зелени површини на ул. Илинденска, К.Неделковски, Љубљанска, Г.Делчев, Булевар, Деко Ковачев, Сава Михајлов, Титоградска, Загребска и други места.

13. Косење на трева и кастрење на гранки по банкините на локалните патишта што водат до населените места, како и рекреативните патеки на Вардарски рид и околината околу археолошкиот локалитет.

Површината на парковите во градот изнесуваат околу 61.710 м², а површината на зелените појаси околу колективните станбени објекти изнесува околу 42.060 м². Во 2026 година ЈПКД “Комуналец” планира проширување на зелените површини со засадување на трева и грмушести растенија.

**Табела со локации и површини каде ќе се врши косење и наводнување на паркови:**

| Реден број | Зелени површини | Површина |
|---|---|---|
| 1. | Парк Чекори | 2000 м² |
| 2. | Парк Булевар | 5000 м² |
| 3. | Владо Кантарџиев | 350 м² |
| 4. | Парк Пиперана | 600 м² |
| 5. | Парк Конти | 6500 м² |
| 6. | Парк Трансбалкан | 4700 м² |
| 7. | Парк Железничка | 3500 м² |
| 8. | Кружен тек “Слободан Митров Данко” | 400 м² |
| 9. | Автобуска станица | 400 м² |
| 10. | Водна заедница | 400 м² |
| 11. | Парк Театар | 1500 м² |
| 12. | Шеталиште | 600 м² |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Парк Општински суд | 1000 м² |
| 14. | Костурница | 1150 м² |
| 15. | Парк Виолета | 3160 м² |
| 16. | Касарна – Кружен тек | 450 м² |
| 17. | Канал “Рауљ” | 3000 м² |
| 18. | Кружен тек Бакарди | 200 м² |
| 19. | Кружен тек Булевар | 500 м² |
| 20. | Парк и зелени површини во Миравци | 5000 м² |
| 21. | Парк и зелени површини во Смоквица | 2000 м² |
| 22. | Парк и зелени површини во Прдејци | 2000 м² |
| 23. | Парк и зелени површини во Богородица | 3000 м² |
| 24. | Парк и зелени површини во Негорци | 4000 м² |
| 25. | Зелени површини во Моин | 1000 м² |
| 26. | Зелени површини во Ново Конско | 2000 м² |
| 27. | Рекреастивно место Динќут | 4000 м² |
| 28. | Парк Ице Бегов | 500 м² |
| 29. | Кружен тек на влез на Гевгелија | 800 м² |
| 30. | Парк Миравци | 2000 м² |
| **Вкупно: 61.710 м²** | | |

**Зелени површини околу колективни објекти и други:**

| Реден број | Зелени површини | Површина |
|---|---|---|
| 1. | 11ти Октомври | 500 м² |
| 2. | Сава Михајлов | 7100 м² |
| 3. | Коле Неделковски | 3000 м² |
| 4. | Љубљанска | 3450 м² |
| 5. | Илинденска | 6300 м² |
| 6. | Околу градинка “Цветови” | 3170 м² |
| 7. | Гоце Делчев и кошаркарско игралиште | 2500 м² |
| 8. | Пионерски Дом | 2000 м² |
| 9. | Загребска | 540 м² |
| 10. | Титоградска | 500 м² |
| 11. | Царински бараки | 500 м² |
| 12. | Булевар Гевгелија и Деко Ковачев | 5000 м² |
| 13. | Мултинаменско и тениско игралиште | 1500 м² |
| 14. | Влез на Гевгелија со надвозник | 6000 м² |
| **Вкупно: 42.060 м²** | | |

## 3.ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа програма е ЈПКД Комуналец Гевгелија како Јавно претпријатие основано од Општина Гевгелија.
ЈПКД Комуналец се задолжува да ја реализира програмата која ја донесува Советот на Општина Гевгелија.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за подигање и одржување на урбаното зеленило во општина Гевгелија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2026 година, и истите изнесуваат 15.000.000,00 денари.

## 5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над реализацијата на програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Општина Гевгелија за 2026 година врши Секторот за урбанизам , комунални работи и заштита на животната средина.

Инспекциски надзор над извршувањето на програмата врши Одделението за инспекциски работи- комуналниот инспектор.

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија"

Претседател
на Советот на
Општина Гевгелија
**Анета Стамкова**